СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

# XX РЕГИОНАЛНИ И XII РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

# ФОЛКЛОРНИ РЕВИИ 2022








СКОПЈЕ МАЈ 2022

Информативен билтен СЗПМ Специјално издание

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

**СЗПМ**

# СОДРЖИНА


РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ....4

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО БЕРОВО....17

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ....21

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ГАЗИ БАБА....25

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО КРИВА ПАЛАНКА....29

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО РАДОВИШ И КОНЧЕ....33

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО КАВАДАРЦИ....38

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО БИТОЛА....42

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ОХРИД И ДЕБРЦА....46

ДОСТОИНСТВЕН НАСТАП НА МАКЕДОНСКИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ НА ФЗЖО....51


## КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРНО-ЗАБАВЕН ЖИВОТ НА ИО НА СЗПМ:

**Магдалена Спировска**
- претседател,
**Петар Захарчев**
**Милевка Здравковска**
**Борис Грковски**
**Ванѓа Пенева**
**Нурие Кадриу**
**Благоја Спирковски**
**Ристо Трајкоски**
**Здравко Бошначки**





Издавач: Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија
За издавачот: Станка Трајкова
Изданието го подготви: Калина С. Андонова и Васил Пачемски
Компјутерско-графичко обликување: Томе Ангеловски
Фото: ЛЕСАНСКИ и здруженијата домаќини
Печати: РИ-Графика - Скопје
Тираж: 500 примероци

# СЗПМ

# Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија

Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија е невладина неполитичка мултиетничка асоцијација во која членуваат 53 здруженија на пензионери, доброволно здружени заради заштита и унапредување на заедничките цели и интереси на корисниците на пензија во Република Македонија, за поцелосно и единствено залагање за остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, за поквалитетна здравствена заштита, за унапредување на културните, спортските и хуманитарните потреби на пензионерите. За остварување на овие заеднички права на здруженијата – членки на Сојузот, СЗПМ соработува со општините и локалната самоуправа, со градоначалниците, со други здруженија и нивни сојузи, со невладини организации и фондации и со пензионерски асоцијации од други земји.

Донесувањето на Законот за пензионирање во 1946 година условило да бидат регистрирани околу 2.600 пензионери и овозможило да започне и пензионерското организирање. Во тие рани почетоци своите активности пензионерите ги остварувале во рамките на други здруженија, за да по одреден временски период си формираат и свое здружение. Историски гледано тие се обединуваат и во повисоки облици на организирање, а денес тоа е Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, кој несомнено претставува синоним на пензионерското организирање.

Својство на правно лице Сојузот има од 27 април 1971 година кога е запишан во Регистарот на МВР како општествена организација, а по донесувањето на Законот за здруженија на граѓани и фондации во 1998 година е пререгистриран во Основниот суд во Скопје.

СЗПМ делува како самостојна, невладина и неполитичка организација, која во континуитет се развива, оставајќи траги и во самиот развој на државата.

Сите здруженија се самостојни правни субјекти со свои статути и органи и тела.

Свој статут и свои органи и тела има и СЗПМ. Речиси во сите здруженија постојат Клубови на пензионери оформени од самите здруженија, но многу често и со поддршка на локалната самоуправа и општините. Нивниот број е околу 450 клуба од кои околу 50 се на подрачјето на Скопје. Клубови има во градовите, но и во руралните средини. Во нив неделно поминуваат околу 150 000 пензионери.

Секоја година во организација на Сојузот се одржуваат 8 фолклорни ревии во 8 региони во земјата, каде домаќини се 8 различни градови. На крајот се одржува фолклорна ревија на ниво на државата.

Исто така, секоја година се одржуваат и 8 регионални спортски натпревари кои опфаќаат околу 25 000 пензионери. На крајот во септември, на Денот на пензионерите на Македонија, 20 септември, се оддржува Спортска пензионерска олимпијада.

Покрај тоа, во организација на СЗПМ се одржуваат и голем број средби и собири во разни излетнички места на кои присуствуваат голем број пензионери.

Здруженијата се грижат за своите членови, особено за оние со ниски пензии, преку хуманитарни и волонтерски активности.

Весникот „Пензионер плус“ е официјално гласило на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, и се дистрибуира до здруженијата на пензионери во сите градови на Македонија. Весникот има информативен, едукативен и забавен карактер. Во него се поместени информации од животот на пензионерите, информации и написи за нивните проблеми и постигања, написи од нивниот културно–забавен и спортски живот, информации за активностите на здруженијата, написи за соработката на здруженијата со локалната управа, написи за здравје и исхрана, занимливости и друго. Весникот се печати на 16 страници, колор, а излегува во 5 500 примероци. Весникот е наменет за пензионерите и оние кои тоа ќе станат наскоро, како и за нивните семејства и е бесплатен. Една страница во весникот е на албански јазик. Весникот се поместува и на ВЕБ страницата на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија www.szpm.org.mk. Каде 45 здруженија имаат свои подстраници. Во Весникот КОХА секој месец се објавува една страница за пензионери, а на МТВ1 се емитува емисија за највозрасната популација

На чело на Сојузот, по 73 години претседател е жена, Станка Трајкова. Претседател на Собранието е м–р Илија Адамоски, подпретседател на ИО е Ментор Ќоку и секретар на ИО на СЗПМ Менка Темелковска.

# Фолклорот е препознатлив белег на секој народ

Нашиот фолклор нè учи дека без минато нема иднина. Со негување на нашата традиција и нашето културно наследство ја чуваме сегашноста и создаваме иднина за новите поколенија. Секогаш луѓето кога пееле, играле, раскажувале и твореле, создавале историја. Сè што создавале како личности, сè што создавале како народ, го формирало немерливото богатство на



македонскиот фолклор. Фолклорот е автентичен по својата природа, содржи уникатни елементи и го претставува целокупното духовно творештво на македонскиот народ низ вековите. Нашата сила е во







нашиот ум и тогаш кога чекориме напред, но и тогаш кога некој гази по нашата чест и достоинство, и тогаш кога некој ја крои нашата судбина заради својата политичка моќ. Не постои посилна мудрост од народната, не постои посилен збор од народниот. Карактеристиките на фолклорот лежат во обединувањето на еден народ врз основа на заеднички ритуали и обичаи, а најбитниот сегмент е разликата на еден народ во однос на друг.

Ништо во животот не е поважно од својот род. Дрвото не може да расте без својот корен, затоа што коренот го крепи, го храни и му помага да расте во височините на бесконечноста. Денес како никогаш порано е битно да ги почитуваме и величаме нашите корени бидејќи тие се многу важни за иднината на нашите поколенијата. Тие се вградени во историјата на нашето минато, во нашето фолклорно наследство, во нашата душа.

Денес љубопитноста и интересот на луѓето особено на помладите генерации за фолклорот сè повеќе се намалува. Но факт е дека народот не може да престане да пее, да прераскажува приказни, да не измислува шеги, да не игра ора, да не одбележува слави и да не практикува обичаи... Не може. Не пос–

тои таква сила која ќе му забрани на народот да постои и да го манифестира својот дух на свој начин, бидејќи тој го темели својот опстанок врз темелите на традицијата и идентитетот, кои се длабоко втка–




ени во неговото однесување, говорење, во неговото културно живеење, во песната и играта.

Затоа на фолклорот кој е меѓу нас и во нас, треба да му дадеме шанса, да се експонира, да излезе на виделина. Ова нешто најдобро го знаат највозрасните, пензионерите, заради своето искуство и мудрост. Тие со своите активности на своите фолклорни манифестации ја будат свеста кај помладите генерации за да го зачуваме она што е оставено во културното наследство од нашите предци, помагаат младите генерации да не живеат во темнината на незнаење, да ги почитуваат нашите обичаи, да ги прераскажуваат легендите за нашите предци, да играат и да пеат, да удрат со тапанот по ехото на минатото и да писнат со зурлите во дослух со иднината, да сознаат и да покажат дека ние сме народ со препознатлив стил и фолклор. Затоа што народното културно творештво е најсилното народно оружје пред светот.

Сето ова кое е значајно за македонскиот народ, значајно е за секој народ. Пензионерите знаат дека само со почитување на нашата различност ние може да изградиме заедништво и почит едни кон други во нашата земја, но и многу пошироко. Пензионерите го знаат ова и затоа се верни чувари на нашето фолклорно богатство и пеат и играат еден до друг без разлика на вера и нација. Знаат дека само човечноста и хуманоста се битни во животот и затоа така се однесуваат. Така се однесуваа на сите осум регионални ревии на песни, музика и игри.

Така беше и на 12–тата Републичка ревија на песни, музика и игри која се одржа на 31 мај 2022 година, во објектот „Ритуал“ во с. Трубарево во Скопје.

На овој фолклорен празник на присутните најпрво се обрати претседателката на СЗПМ, Станка Трајкова која од името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ги поздрави и им посака добредојде на генералниот директор на ПИОСМ Дритан Беџети, кој ни направи чест со своето присуство и на помошник–директорот Артита Несими, на шефицата на Кабинетот на министерката за труд и социјална политика Наташа Димеска и Наташа Станоевиќ, советник во Кабинетот на МТСП, на претседателите на здруженијата на пензионери – домаќини на регионалните ревии на песни, музика и игри оваа година и на сите призутни..

На присутните им се обрати и генералниот директор на ПИОСМ Дритан Беџети и шефицата на Кабинетот на министерката за труд и социјална политика Наташа Димеска:

Потоа се заредија песни за љубовта, за меракот, за животот... Песни кои будеа спомени. Пееја изведувачите облечени во живописни носии. Пееја со една и единствена порака дека културното богатство треба да се негува и да се чува од заборав!

На Ревијата настапија 14 здруженија: осумте домаќини на 20 јубилејни регионални ревии на песни, музика и игри и уште шест кои ги одбра Комисијата за



културно–забавен живот за да бидат застапени и Албанците, Власите, Ромите... и уште три кои според Комисијата се истакнале со својот квалитет, иако такви на регионалните ревии имаше многу повеќе!

На крајот, здруженијата учесници на 12–тата Републичка ревија на песни, музика и игри добија признанија за учество, а им ги врачи претседателот на Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија м–р Илија Адамоски и потпретседателот на Извршниот одбор на СЗПМ Ментор Ќоку.

# Обраќање на XII републичка ревија




## Станка Трајкова, претседател на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија

Почитувани присутни

Ви пожелувам добредојде во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 12–тата Републичка ревија на песни, музика и игри.

На оваа значајна и една од најмасовните пензионерски манифестации беше поканета и министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска која се извини бидејќи не може да присуствува заради состанок со претставници на Светска банка.

Поздрав и добредојде на генералниот директор на ПИОСМ Дритан Беџети кој ни направи чест со своето присуство и помошник на директорот Арита Несими.

Ги поздравувам и шефицата на Кабинетот на министерката за труд и социјална политика Наташа Димеска, и Наташа Станоевиќ, советник во Кабинетот на МТСП.

Исто така, ги поздравувам и претседателите на здруженијата на пензионерите – домаќини на регионалните ревии на песни, музика и игри оваа година. На сцената зад мене, тие со право се претставени со фотографии од нивните овогодишни настапи на 20–тите јубилејни ревии. Ги поздравувам и останатите претседатели на здруженијата, членовите на Извршниот одбор на Сојузот и се разбира со особена почит кон учесниците – изведувачи бидејќи без нив нема ниту регионални ниту републичка музичка ревија. Да ги поздравиме сите и да ги охрабриме учесниците со аплауз.

Почитувани пријатели, убавиот последен мајски ден триесет и први, ќе го разубавиме и ќе го збогатиме со песна и музика од 8–те региони. Овогодишниот музички караван тргна од Здружението на пензионери Ѓорче Петров, а потоа продолжи во Крива Паланка, Берово, здружението Охрид и Дебрца, Битола, Кавадарци, здружението Радовиш и Конче и најпосле музичкото движење заврши во скопското Здружение на пензионери Гази Баба.



Факт е дека оваа година условите за одржување на овие ревии беа поповолни и со покажана желба да се постигне повисоко ниво на квалитет, но истовремено покажувајќи колку многу ни се потребни овие музички манифестации.

# 12. РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ 2022

И оваа година Републичката ревија заедно со 20–тите јубилејни регионални ревии на песни, музика и игри се поддржани од Министерството за култура без жалби и приговори односно јасно и децидно во диспозитивот на решението за доделување на финансиска поддршка е наведено дека овие  пензионерски ревии се поддржуваат затоа што се оценети како манифестации од национален карактер на нашата земја.

Почитувани пријатели, тоа значи дека и понатаму останува и продолжува  нашата културна мисија и дека ние пензионерите сме верни чувари на нашиот национален фолклор.

На регионалните ревии на песни, музика и игри покрај песната и музиката ќе блесне и убавината на народните носии, накитот кој ни раскажува за минатото, а девојчето кое ни го постави прашањето зошто овие „баби“ се вака облечени доби одговор „дека тоа сме ние од минатото, сегашноста и иднината – чувари на нашиот идентитет, традиција и нашето културно богатство“.




Познато е дека музиката допира до најдлабоките чувства на човекот и е запис на вистинските човечки емоции. Познатиот кинески филозоф Конфучије рекол:

„Ако сакате да знаете каква е државата на еден народ испитајте ја музиката што се слуша во таа држава, затоа што музиката комуницира со човекот, а висината на тоновите и ритамот се средство на нејзиниот израз“. Веродостојноста на оваа мудра мисла денес ќе ја почувствуваме сите гледајќи ги настапите.

И оваа година бројот на учесниците и настапите е со умерен премин кон изведбите на овие манифестации во нормални услови, што беше прифатено и од Министерството за култура.



Наша заедничка гордост е што и за време на пандемија во 2020 и 2021 година ги одржавме Регионалните и Републичката ревија на песни, музика и игри и силно застанавме пред предизвикот ковид 19, а Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија заедно со здруженијата подигаше и решаваше значајни прашања за пензионерите за подобар животен стандард, социјалното домување, подобра здравствена заштита, солидарниот фонд, како и за организациски прашања битни за поуспешно дејствување на Сојузот и здруженијата, негови членки.

И Сојузот и здруженијата од ден на ден прераснуваат во субјекти каде што нашиот глас и мислење добива сè повеќе во тежина, како што беше при водење на преговорите за новата методологија за усогласување на пензиите, а има уште две битни прашања на оваа тема кои и понатаму ќе ги подигнуваме, а се во интерес на пензионерите, бидејќи тие се најголемата  целна група од околу 328 000, од кои 290 000 корисници на пензија се опфатени во пензионерското организирање во Сојузот.

Денес на овој подиум ќе видиме настапи со богата содржина, а покрај домаќините ќе настапат и здруженијата на пензионери Крушево, Шуто Оризари и Чаир со што покажуваме дека меѓу нас негуваме соживот и соработка, но се разбира и квалитет. Вистина е дека и останатите Здруженија  кои учествуваа на 8–те регионални ревии на песни, музика и игри беа добри, но верувајте ми дека  и за нив ќе има следна прилика.

На  крајот, на учесниците им пожелувам успешен настап. Со внимание и со почит  проследете го настапот на вашите колеги, другари и пријатели. Тие тоа го заслужуваат заради вложениот труд.

Благодарам на соработката покажана од  здруженијата, а на соработниците од Сојузот за креативно уредената сцена која  верувам дека долго, долго ќе  ја раскажува нашата успешна приказна.

# Обраќање на гости на XII републичка ревија



## Дритан Бецети, генерален директор на ФПИОСМ

Добар ден почитувани драги пензионери.

Ми претставува големо задоволство денес тука со Вас да бидам дел од овој настан организиран од страна на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Особена чест за мене е како нов директор на ФПИОСМ да бидам овде денес со сите вас. Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија и јас лично ќе продолжиме да се грижиме за подобрување на животниот стандард на сите Вас, постарите лица за сегашната и идна генерација пензионери.

Ви пожелувам здравје и благосостојба во Вашите семејства.



## Наташа Димеска, шефица на кабинет во Министерството за труд и социјална политика

Почитувани пензионери

Ми претставува чест и задоволство да присуствувам на 12–тата Републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри 2022 година организирана од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, и од името на Министерството за труд и социјална политика и министерката Јована Тренчевска да упатам срдечни поздрави до сите пензионери. Ви пренесувам поздрави од министерката, која поради обврски со високи претставници од Светска банка, кои за првпат се дојдени во нашата земја, беше спречена да биде дел од овој настан.

Како Влада и како министерство грижата за највозрасната категорија граѓани е наш приоритет и одговорност. Тоа го потврдивме и изминатиот период, со носење на нови законски решенија и мерки со кои придонесуваме во подобрување на квалитетот на животот на пензионерите.

Согласно со последните измени во Законот за пензиското и инвалидското осигурување, кои стапија на сила во март 2022 година, воведовме нов начин на усогласување на пензијата.

Новата методологија за усогласување на пензиите која ќе се употребува со исплатата на септемвриските пензии, предвидува тие да се усогласуваат со комбиниран модел од 59% пораст на трошоци на живот.

Првичните анализи, подготвени од Министерството за финансии, покажуваат дека усогласувањето ќе придонесе кон раст на пензиите над 6%.

Покрај новата методологија за усогласување на пензиите, обезбедуваме и финансиска поддршака од 1.000 денари за три месеци. Со цел да се ублажуваат последиците од економско–енергетската криза и ценовниот шок предизвикан од воената агресија на Русија врз Украина и последиците од неа. Околу 330 000 пензионери веќе ја добија финансиската поддршка за три месеци со последната исплата на пензиите.

Во време на пандемија овозможивме не само редовна туку и предвремена исплата на пензиите по групи со цел заштита за ширење на заразата од ковид 19. Таа практика ќе продолжи и понатаму.

Министерството за труд и социјална политика преку „Проектот за подобрување  на социјалните услуги“, ја зајакнува вклученоста на општините во планирањето, развојот и давањето на социјални услуги на локално ниво, преку лиценцирани даватели на услуги. За старите и изнемоштени лица и лицата кои не можат да се грижат сами за себе, обезбедуваме помош и поддршка во секојдневните обврски, околу одржување на домаќинството, помош во лична хигиена и медицинска нега од страна на негователи.

Досега 18 даватели на социјални услуги добија лиценца/дозвола за работа, од кои 15 даватели на услугата за помош и нега во домот, еден Центар за дневен престој на деца со попреченост, еден Центар за активно стареење за стари лица и еден за советување.

Истовремено, ги ангажираме и тешко вработливите лица од заедницата кои низ процес на обука се здобиваат на лиценца за помош и нега во домот. Придобивките се двојни. Обезбедена е помош и поддршка на оние на кои им е потребна, и работна платена ангажираност и излез на тешко вработливите лица на пазарот на трудот.

Нашите највозрасни сограѓани, вложувале во изградбата на нашата татковина, а на нас помладите генерации, останува да се грижиме за нив, да придонесеме за мирни, спокојни пензионерски денови.

Благодарам!










# Убави песни за љубовта и радоста



Љубовта е извор на животот на фолклорното творештво на сите што живеат на овие простори на нашата убава и мила татковина Македонија. Нашето фолклорно творештво изобилува со емоции, претежно за љубовта. Без оглед на тоа дали е љубов кон саканата личност, дали е кон татковината, сепак тоа е љубов, која плени и ранува подеднакво. Затоа не е случајно што изведбите на 12–тата Републичка ревија на песни, музика и игри, но и на претходно одржаните осум регионални ревии најголем број песни се за љубовта.

На 12–тата Републичка ревија на песни, музика и игри настапија здруженијата домаќини на регионалните ревии: ЗП Битола, ЗП Берово, ЗП Ѓорче Петров, ЗП Кавадарци, ЗП Гази Баба, ЗП Охрид и Дебрца, ЗП Радовиш и Конче и ЗП Крива Паланка и уште шест здруженија ЗП Крушево, ЗП Чаир, ЗП Кисела Вода, ЗП Шуто Оризари, пензионерите од Општина Дебрца, ЗП Кочани и ЗП Лозово, според одлуката на Комисијата за културно–забавен живот, со цел Републичката ревија да биде побогата, а и да бидат застапени и другите националности кои оваа година не беа домаќини. Иако спород квалитетот што го покажаа на регионалните ревии од нивниот регион можеа да настапат и други здруженија, но такви се правилата и одлуките на Ревијата.

На почетокот присутните и гостите ги поздрави и Ревијата ја прогласи за отворена претседателката на Сојузот Станка Трајкова.

Први настапија пензионерите од Битола со солистот Драги Кабровски кој ја испеа песната „Лек за вљубените“, заедно со пејачката и музичката група, а веднаш по нив се претставија пензионерите од ЗП Радовиш и Конче со песната „Оро води Ангелина“, во изведба на Зорка Калева, Славка Петачка, Натка Котева, Верка Андонова, Стојне Петрова и Здравко Андонов на гајда.

По овие две здруженија настапија пензионерите од ЗП Охрид и Дебрца со песната „Те видов и те залубив“, песна која се пеела и ден–денес се пее, со посебни емоции од охридските моми и ергени, а при тоа се играло и познатото охридско бало, кое ќе го презентира мешовита староградска група, со музичка придружба.



ЗП Берово се претстави со нивниот октет во придружба на четворица музичари и ја исполнија песната „Што лелее, што белее“.

По беровчани настапи ЗП Чаир со мешовитата албанско–македонска група, која ја испеа македонската песна „Каранфило филфило моме“, а потоа на–

стапија со албанската песна „Јас сум момче кое продава басма“, во изведба на Тахир Сефери, и придружба на Фари Груби, Себедин Ејупи – гитара и Бранко Ивановски и Љубица Лолевска.

Веднаш по ЗП Чаир настапи ЗП Кочани со солопејачот Цонко Пинов кој ја испеа познатата народна песна „Кочански сејмени“, а го придружуваа гајда, кавал, тамбура тапан и игроорна група.

ЗП Лозово имаше необичен настап со поговорки и гатанки кои се користат по повод свадбени обичаи. Ги исполни мешовита група со музичка придружба на хармоника.

Веднаш по нив се претставија Крушовчани со мешовита група која ја исполни влашката песна „Ми скулај уна тахина“ (Станав едно утро).











ЗП Кавадарци настапи со Јован Еленов, кој во придружба на оркестар и пејачка група, ја испеја песната „Дојдов во Кавадарци“.

ЗП Гази Баба имаше забележлив настап на ревијата, со мешовита пејачка група и диригентката Слаѓана Живковиќ–Чекичевска, во придружба од хармоника и кларинет, а ја исполнија песната „Јовано Јованке“.

По нив настапи мешовитата пејачка група од Дебрца во состав Цветко Пренцовски, Благица Маркулева, Јованка Чоновска и Славе Велјановски, на гајда Лазар Змејковски и тапан Томе Ристовски. Тие ја испеаја песната „Девојченце, девојченце љубиш ли ме мене“, а пензионерите од ЗП Крива Паланка со нивното трио придружувано од кемане и гајда ја исполнија песната „Изникнало криво крувче“.

На ревијата пензионерите од ЗП Кисела Вода се претставија со пејачот Драги Ташковски кој во музичка придружба ја испеа песната „Јано мори“, а по него ЗП Ѓорче Петров со настап на Стефан Ѓуревски кој со музичка придружба ја испеа песната „Две китки, две ми девојки“. На крај ревијата заврши ведро и весело, со звуците на зурлите и тапаните и разиграните пензионери од ЗП Шуто Оризари.

На учесниците признанија за учество на Ревијата им врачија претседателот на Собранието на СЗПМ м–р Илија Адамоски и потпретседателот на Извршниот одбор на Сојузот Ментор Ќоку.

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КРИВА ПАЛАНКА**

Пејачка група трио со придружба на кемане и гајда настапи со песната: **„Изникнало криво крувче“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **РАДОВИШ И КОНЧЕ**

Пејачка група со придружба на гајда од Здравко Андонов ја исполни песната: **„Оро води Ангелина“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КАВАДАРЦИ**

Јован Еленов во придружба на оркестар и пејачка рупа ја исполни песната: **„Дојдов во Кавадарци“**






## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БЕРОВО**

Октет во придружба на четири музичари ја исполни песната: **„Што лелее, што белее“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

Стојан Ѓуревски со музичка придружба ја исполни песната: **„Две китки, две ми девојки“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ГАЗИ БАБА**

Мешовита пејачка група со музичка придружба од хармоника, кларинет и гитара ја исполни песната: **„Јовано Јованке“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЧАИР**

Мешовита македонско–албанска група Тахир Сефери, Фари Груби, Себедин Ејупи – гитара, Бранко Ивановски и Љубица Лолевска ги исполнија албанската песна: **„Јас сум момче кое продава басма“** и македонската песна: **„Каранфило филфило моме“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЛОЗОВО**

Мешовита група со музичка придружба на хармоника настапи со поговорки и гатанки по повод **„Свадбен обичај“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КИСЕЛА ВОДА**

Драги Ташковски со музичка придружба ја исполни песната: **„Јано мори“**






ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## БИТОЛА

Солистот Драги Кабровски заедно со пејачката и музичката група ја исполни песната: **„Лек за вљубените“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ОХРИД И ДЕБРЦА

Мешовита староградска група со музичка придружба го презентираа: **„Охридското бало“** – танцот на младите




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ОХРИД И ДЕБРЦА

Мешовита пејачка група Славна Дебрца ја исполни песната: **„Девојченце, девојченце љубиш ли ме мене“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КОЧАНИ**

Солистот Цонко Пинов со придружба на гајда, кавал тамбура и тапан заедно со игроорна група ја исполни песната: **„Кочански сејмени“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ШУТО ОРИЗАРИ**

Игроорна група играше Ромско оро во придружба на зурли и тапан



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КРУШЕВО**

Мешовита пејачка група во придружба на две гитари ја исполни влашката песна: **„Ми скулај уна тахина“ (Станав едно утро)**



# ПРВ РЕГИОН
# Домаќин ЗП БЕРОВО
## Песните и ората се наша традиција


Васил Механџиски


Стево Суџуковиќ


Ментор Ќоку

По дваесетти јубилеен пат, се одржа Регионалната ревија на песни, музика и игри во Берово. Присутните гости од СЗПМ, учесниците и гледачите ги поздрави претседателот на Здружението на пензионерите од Општина Берово Васил Механџиски, кој рече:

– Почитувани гости од СЗПМ, гости од локалната самоуправа Берово, учесници на ревијата и почитувана публико, сите ние сме тука да дадеме придонес во зачувување и унапредување на изворниот македонски фолклор. Денес ЗП Берово е домаќин на јубилејната 20–та ревија. Ќе настапат здруженија од источниот регион и тоа: ЗП Кочани, ЗП Виница, ЗП Македонска Каменица, ЗП Делчево, ЗП Пехчево и ЗП Берово. Поради пандемијата настапите се со редуциран состав на ревијата. Се приспособуваме на моменталните услови, но се надеваме дека во иднина нашите настапи ќе бидат во комплетен состав. Ви посакувам пријатен престој, и да понесете колку е можно поубави спомени од Берово.

Присутните ги поздрави и претседавачот на Советот на Општина Берово Стево Суџуковиќ, кој меѓу другото рече:

– ЗП Берово е почестено со тоа што е организатор на јубилејната 20–та музичка ревија. На сите вас ви посакувам да имате успешен настап и од Берово да заминете со пријатни впечатоци и повторно да не посетите. Ви посакувам добро здравје






и успешен настап на ревијата.

Свое обраќање пред присутните имаше и потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку, кој рече:

– Почитувани присутни, дозволете најнапред од името на СЗПМ и претседателката Станка Трајкова да ги поздравам присутните претставници од локалната самоуправа Берово и претставниците од здруженијата учесници на ревијата. Посебно задоволство ми е што денес сум во Берово сместено во пазувите на Малешевските Планини, со богата вековна култура. Ревиите на песни, музика и игри се корисни бидејќи со својата разновидност ја изразуваат нашата богата културна ризница. Ревиите придонесуваат за јакнење на заедништвото во мултиетничкото општество. Пензионерите преку песната ќе покажат дека традицијата не треба да се заборави. Основна задача на сите нас е да се залагаме за подобрување на стандардот и квалитетот на животот на пензионерите, кои поради своите искуства од ден на ден стануваат се позначајна алка во социјалниот живот на државата. Денешната манифестација нека биде уште еден придонес кон збогатувањето на традициите. Ревијата ја прогласувам за отворена.

Во продолжение пред присутната публика се разлеа убавата македонска песна и се играа убавите македонски ора, а имаше и приказ на обичаи. Регионалната музичка ревија на песни, музика и игра заврши со доделувањето на благодарници кои на присутните претседатели на здруженијата на пензионери им ги врачи Менка Темелковска, секретар на ИО на СЗПМ.




**Благодарници на здруженијата учесници**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## КОЧАНИ

Цонко Пинов
ја испеа соло песната:
**„Кочански сејмени“**
машка игроорна група
го одигра машкото оро
**„Потрчулка“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## БЕРОВО

Пејачка група
во придружба со оркестар
ги изведоа песните:
**„Еленко дадо“**
**„Јана грло заболело“**
**„Оѓин гори планината“**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ПЕХЧЕВО

Пејачка група
во придружба на оркестар
ги исполнија песните:
**„Лилјано моме убава“**
**„Момите мамо момите“**
**„Зурли трештат
на сред село“**

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ДЕЛЧЕВО

Женско трио
ги исполни песните:
**„Сама мома рамни двори мела“**
**„Усеине ранена делијо“**
соло тамбура
на Мирко Симоновски
инструментална група со
**„Останахме стари беќари и двата“**
**„Малешевско оро“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ВИНИЦА

Трио жени со двајца
музичари обичај:
**„Истибански собор“**
пејачка група со двајца
музичари изведоа
ороводни песни:
**„Дон мори продава се“**
**„Невено мори Невено“**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Душко Богатинов и
мешана пејачка група
со песните:
**„Има едно мало гратче“**
**„Кој ми те сношти канеше Станке“**
**„Маца вода лила“**
Весна Поповска и Панче
Костевски со песната:
**„Саноќ ле Наде не спијам“**



# ВТОР РЕГИОН
# Домаќин ЗП Ѓорче Петров
## Инспиративна мултиетничка ревија


Митко Стојаноски


Александар Стојкоски


Ментор Ќоку

На 4 мај 2022 година се одржа првата од осумте јубилејни регионални равии на песни, музика и игри во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, а домаќин беше ЗП Ѓорче Петров. Учествуваа 6 здруженија од вториот регион и тоа: ЗП Шуто Оризари, ЗП Бутел, ЗП Карпош, ЗП Тафталиџе, ЗП Тетово и домаќинот ЗП Ѓорче Петров.

Ревијата се одржа во амбиент во селото Кучково. Во присуство на повеќе гости и на учесниците, најнапред се обрати претседателот на ИО на домаќините Митко Стојаноски. Тој на сите им посака топло добредојде нагласувајќи дека за здружението ова претставува чест и задоволство, но и голема одговорност да се биде домаќин и успешно да се организира ваков значаен настан.

Впечатливо обраќање имаше и градоначалникот на Општина Ѓорче Петров Александар Стојкоски кој со своето присуство го зголеми значењето на овој културен настан. Меѓу другото тој рече:

– Денешната ревија симболично се поклопува со датумот на смртта на најголемиот македонски револуционер и борец за слобода Гоце Делчев, кој го разбира светот како поле за културен натпревар меѓу народите. Пензионерите и локалната самоуправа имаат исклучително добра соработка, така ќе биде и во иднина.

На присутните во името на Сојузот им се обрати потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку кој зборуваше за значењето на ови културни манифестации и ги прогласи за отворени.

Ревијата продолжи со звуците на зурлите и тапанот, и се појавија секогаш веселите и разиграни пензионери од ЗП Шуто Оризари, а по нив се отпеаја повеќе убави и незаборавни македонски народни песни создавани во минатото, песни за љубовта, за тагата, за постоењето, за премрежињата низ вековите. Ги исполнија пејачки групи и солисти од Бутел, Карпош, Тафталиџе, Тетово и Ѓорче Петров. Покрај песната имаше и читање на поезија и из-



ведба на обичајот „Ставање к’на“ кој го изведоа пензионерки Албанки од ЗП Тетово. Сите настапи имаа посебна убавина и беа наградени со силен аплауз. Слушнавме песни на повеќе јазици кои беа разбирливи за сите благодарение на заедничкиот јазик на љубовта, меѓуетничката соработка и другарувањето. Пензионерите од вториот регион со своите настапи потврдија дека фолклорот е наше културно наследство и аманет за идните генерации.

Здружението на пензионери Ѓорче Петров се претстави како одличен домаќин, и покажа подготвеност за организација на слични настани.

Регионалната ревија заврши со доделување благодарници на сите здруженија учесници, а им ги врачи претседателката на комисијата за култура на СЗПМ Магдалена Спировска. Со пензионерско дружење се заокружи оваа културна јубилејна манифестација.

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

Ратко Златановски
на гајда:
**„Веселото оро“**

Олгица Дојчиновска
со лична творба



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КАРПОШ**

Хорската пејачка група ги исполни песните:
**„Огреала месечина“**
**„Легнала Дана заспала“**
**„Розо моја“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ТАФТАЛИЏЕ**

Мешана пејачка група ги исполни песните:
**„Сербез Донка“**
**„Еј мори Лено“**
Верка Смиљковска
со своја лична творба





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ШУТО ОРИЗАРИ**

Сплет на ора
во изведба на
13. игроорци



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ТЕТОВО**

Пејачка група на албански јазик изпеаја песни и изведоа традиционален обичај од тетовскиот крај, свадбарско к”носување



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ТЕТОВО**

Пејачката група во придружба на оркестар Серенада исполни две традиционални песни: **„Огреала месечина“, „Чукнав тропнав мале“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БУТЕЛ**

Дует Гоце Касаповски и Љубица Петрушевска со песната: **„Илчовице млада невесто“** Триото Драгица Младеновска, Даница Џајкова и Лепа Урдаревиќ со песните: **„Кажи, кажи облаче бело“ „На срце ми лежи една лута змија“** Мирослава Бадаревска Поетската творба



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

Захаринка Милосабљевиќ со песната: **„Бегала мома за младо момче“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

Стојан Ѓуревски со песната: **„Две китки, две ми девојки“**



# ТРЕТ РЕГИОН
# Домаќин ЗП Гази Баба
## Ревија со мултиетнички елементи


Ѓорге Андонов


Бобан Стефковски


Ментор Ќоку

На 16 мај 2022 година, на отворено пред инвентивно осмислената сценографија на плоштадот Филип Втори во Гази Баба, во Скопје, се одржа 20–тата јубилејна регионална ревија на песни, музика и игри од третиот регион на која домаќин беше ЗП Гази Баба. Интересно е што ова скопско здружение е едно од деветте здруженија кое учествувало на првата Регионална ревија на песни, музика и игри пред 20 години.

На годинашнава јубилејна ревија, настапија шест здруженија од третиот регион и тоа: пензионираните работници од внатрешни работи, ЗП Илинден, Здружението на воените пензионери, ЗП Сарај, ЗП Кисела Вода и здружението Гази Баба, домаќин на ревијата.

На учесниците и на гостите најнапред им се обрати претседателот на ИО на ЗП Гази Баба Ѓорге Андонов. Поздравувајќи ги сите присутни Андонов им посака пријатни мигови и незаборавни другарувања и при тоа потсети дека ЗП Гази Баба е едно од најголемите здруженија, членки на Сојузот, познато по своите активности. Дека навистина активностите се на високо ниво, говори фактот што СЗПМ му ја даде довербата да биде



домаќин на оваа јубилејна регионална ревија.

На присутните им се обрати и градоначалникот на Општина Гази Баба Бобан Стефковски кој со своето присуство им направи чест на своите највозрасни сограѓани.

Со оглед на фактот дека главен организатор на ревиите е Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија учесниците и гостите ги поздрави и ја прогласи за отворена ревијата од третиот регион Ментор Ќоку, потпретседател на ИО на СЗПМ.

Први настапија домаќините, а по нив Здружението на воени пензионери, пензионерите од ОВР на РМ, ЗП Илинден, ЗП Сарај и ЗП Кисела Вода. Ревијата имаше мултиетнички елементи. Се слушна песна, звуци од кавали и други изворни инструменти, поезија, гатанки... Вниманието на присутните и силните аплаузи како награда, ги добија пејачките групи кои испеаја многу убави македонски песни.

Претседателката на Комисијата за културно–забавен живот при СЗПМ Магдалена Спирковска ја заокружи вечерта врачувајќи им благодарници на здруженијата од третиот регион за учество на ревијата.

И оваа ревија беше одраз на ведриот дух на пензионерите, верни чувари на нашиот идентитет, традиција и обичаи со што е поврзано нашето минато, сегашност и иднина.

Здружението домаќин ќе настапи и на Републичката ревија на песни, музика и игри на 31 мај 2022 година, која ќе се одржи во Скопје, во објектот Ритуал во Трубарево.

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ИЛИНДЕН**

Пејачка група со песните:
**„Ајде да бегаме мори Васе“**
**„Доста, доста лично бе Стојне“**
**„Ај што имам мерак железар да бидам“**
**„За многу години македонци“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КИСЕЛА ВОДА**

Пејачка група со песните:
**„Јано мори“**
**„Печалбарските песни“**
Драги Ташковски, Олгица Митрова и Спасе Филиповски ги исполнија песните:
**„Судбо моја“**
**„Збогум мила“**






## ЗДРУЖЕНИЕ НА **ВОЕНИ ПЕНЗИОНЕРИ**

Пејачка група со песните:
**„Ој ти пиле, славеј пиле“**
**„Крај вардара седеше“**
**„Садила Јана ран, бел босилек“**
Ана Бунтевска
Литературна творба
Иванка Ефремовска, Ефтим Мишевски и Ѓурѓица Ќурчиќ
мудри изреки, поуки и поговорки од животот, библијата и куранот



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **САРАЈ**

Васит Штрајку и Илми Танамари
со песната:
**„Мој Мируше“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **САРАЈ**

Шефкет Љатифи и Даим Кадриовски

**„Егзија“**
со кавали

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ОВР на РМ**

Пејачка група
со песните:
**„Бисер балкански“**
**„Каранфило, филфило моме“**
**„Лажи, лажи, Вере“**
**„Македонско оро“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ГАЗИ БАБА**

Мешана пејачка група
со песните:
**„Јовано Јованке“**
**„На срце ми лежи мила мамо“**
**„Легнала Дана заспала“**
**„Оро се вие крај манастира“**




**Благодарници на здруженијата учесници**



# ЧЕТВРТИ РЕГИОН
# Домаќин ЗП Крива Паланка
## Фолклорни бисери на традицијата


Трајча Давидовски


Сашко Митовски


Ментор Ќоку

На 5–ти мај во спортската сала „Бранители“ во Крива Паланка се одржа 20–тата јубилејна ревија на песни, музика и игри од четвртиот регион. Покрај домаќинот ЗП Крива Паланка учество земаа: ЗП Куманово, ЗП Кратово, и скопските здруженија ЗП Солидарност – Аеродром, ЗП Чаир и ЗП Центар.

Присутните гости и учесници прв ги поздрави и им се обрати претседателот на здружението домаќин, Трајча Давидовски. Тој изрази благодарност до Сојузот што им ја даде довербата да бидат домаќини.

– Тоа за нас претставува голем предизвик и голема одговорност. Со помош на СЗПМ, локалната самоуправа и НУЦ за култура Крива Паланка обезбедивме погодни услови за достоинствено одржување на дваесеттата јубилејна Регионална ревија на песни, музика и игри.

На присутните со поздравна честитка им се обрати градоначалникот на Крива Паланка Сашко Митовски, посакувајќи им добро здравје на пензионерите и пожелувајќи им да имаат уште многу вакви настани на кои се презентира традицијата и преку кои фолклорот се пренесува на идните генерации.



– Како највозрасни и најискусни граѓани на заедницата вие сте дел од нашиот живот. Од вас добиваме поуки преку вашето искуство, затоа вие сте наша грижа и заслужувате почитување.

Со гордост го најавувам проектот за реновирање на стариот дел од интернатот „Боро Менков“ кој ќе се пренамени во старски дом за сместување на осамени, болни, изнемоштени пензионери и други кои имаат потреба за нега.

Бидејќи ЗП Крива Паланка има ограноци и во Општина Ранковци со свое присуство ги удостои и градоначелникот на Ранковци Борче Спасовски.

Од име на СЗПМ се обрати потпретседателот на Извршниот одбор Ментор Ќоку. Тој ги поздрави гостите и учесниците, им посака добро расположение, добра забава и убави мигови кои ќе се паметат по завршување на ревијата и истакна дека и покрај тоа што овие настани се во редуцирана форма, тие сепак придонесуваат за поквалитетен живот во третата доба. Пензионерите преку одржување на ревиите придонесуваат за зачувување на културното богатство и се достојни чувари на традицијата. По обраќањата ревијата ја прогласи за отворена.

Следуваше настап на изведувачите облечени во колоритно живописни носии. Засвиреа кавалите, тамбурата, писна гајдата, засвире хармониката и ќемането. Се заредија изворни македонски и албански песни како бисери на ѓердан.

Честа им припадна да ја отворат изведувачите од Куманово облечени во носии од кумановскиот крај. Веднаш по нив се претставија познатите Кратовски тамбураши. Следеше настапот на пејачката група од ЗП Солидарност – Аеродром. По нив се претставија домаќините од Крива Паланка. ЗП Чаир настапија со песни на албански и македонски, а ревијата ја затворија учесниците од ЗП Центар. Благодарници добија сите претседатели за учество во ревијата, а нив им ги врачи секретарот на ИО на СЗПМ, Менка Темелковска. Ревијата беше заокружена со заеднико дружење.

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ЦЕНТАР**

Мешана пејачка група
со песните:
**„Леле Јано мила ќерко“**
**„Нешто ќе те прашам бабо“**
**„Ти ми палиш в срце жар“**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**КРИВА ПАЛАНКА**

Пејачка група
во придружба на
кемане и гајда
ги исполнија песните:
**„Кочански сејмени“**
**„Изникнало криво крувче“**
**„Убава Калина“**





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КРАТОВО**

Кратовски Тамбураши
со песните:
**„Штомноќта помине“**
**„Стариот џумбушлија“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **СОЛИДАРНОСТ АЕРОДРОМ**

Женски хор
со песните:
**„На срце ми лежи, мила мамо“**
**„Цветините очи черешови“**
**„Брала мома капини“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЧАИР**

Пејачка група
со песните:
**„Каранфило филфило моме“**
на македонски јазик
**„Русе ле моме убаво“**
**„И јас сум момче кое продава басма“**
на албански јазик

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КУМАНОВО**

Пејачка група во придружба на оркестар ги исполнија песните:
**„Голем мераклија“**
**„Веро,Верице“**
**„Зет домазет“**





**Благодарници на здруженијата учесници**

# ПЕТТИ РЕГИОН
# Домаќин ЗП РАДОВИШ И КОНЧЕ

## Манифестација на песни, музика и дружење


Митко Стефанов


Ацо Ристов


Ментор Ќоку

Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на 12 мај 2022 година, во Радовиш се одржа 20. регионална ревија на песни, музика и игри од петтиот регион, на која пензионерите се покажаа како одлични чувари на традицијата. Домаќин на ревијата беше ЗП Радовиш и Конче.

Пензионерите и присутните најпрвин ги поздрави претседателот на ЗП Радовиш и Конче, Митко Стефанов и им посака пријатен престој во Радовиш, каде што пензионерите од овој регион преку песната и орото ќе ги презентираат тради–






ционалните обичаи од нивните краишта. Тој истакна дека манифестацијата го сврте вниманието на граѓаните на Радовиш и Конче, но и на жителите од околните места од сите генерации.

Пред присутните се обрати и градоначалникот на Општина Радовиш Ацо Ристов, кој на пензионерите им посака добра дружба, расположение, убаво да се чувствуваат во Радовиш, како и што поуспешно да ги презентираат своите изведби.

Во има на Сојузот, пензионерите и присутните ги поздрави и ревијата ја прогласи за отворена Ментор Ќоку, потпретседател на Извршниот одбор на СЗПМ. Тој зборуваше за значењето на регионалните пензионерски музички ревии, каде што покрај дружењето, се презентира нашето културно наследство.

На ревијата настапија здруженијата на пензионерите од Пробиштип, Штип, Свети Николе, Злетово, Струмица, Ново Село, Лозово и здружението домаќин Радовиш и Конче. Сите тие презентираа квалитетни изведби, како пејачки групи и солоизведби. На сцената паралелно настапуваа здруженијата од овој регион, повеќето од нив облечени во живописни традиционални носии. Со песна и игра ревијата беше вистинска културна манифестација на фолклорот и дружењето. За тоа свој придонес имаше одличната организација за која се погрижило здружението домаќин на ревијата, ЗП Радовиш и Конче.

На крајот на ревијата, Милевка Здравковска, член на Комисијата за културно–забавен живот при СЗПМ, на претседателите на здруженијата учесници на ревијата им додели благодарници.

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ШТИП**

Мешана пејачка група во придружба на гитари со песните:
**„Кога се мајот расцути“**
**„Се ти е простено“**
**„Ако бевме заедно“**





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **СТРУМИЦА**

Пејачка група
во придружба
на инструменти
ги исполнија песните:
**„Под кулите на струмица“,**
**„За кого ти цути Дано лицето“**
**„Момите мамо, момите“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **СВЕТИ НИКОЛЕ**

Пејачка група
во придружба на оркестар
ги исполнија песните:
**„Пеј со добро вино“,**
**„Балада за Свети Николе“**
**„Праша ли Тинке мајка ти“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЛОЗОВО**

Пејачка група
во придружба
на хармоника
од Ѓорге Јованов
ги исолнија песните
**„Нико, Нико меанџико“,**
Поговорки и гатанки

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЗЛЕТОВО**

Група на пензионери
со песните:
**„Запеј ми Пејо“**
**„Невеста платно ткаеше“**
**„Низ Злетово река тече“**
**„Што ме мачиш Јано“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ПРОБИШТИП**

Пејачка група
во придружба на
оркестар
ги исполнија песните:
**„Една желба имам“**
**„Густа ми**
**магла паднала“**
машко трио:
**„Кукавица кука“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ПРОБИШТИП**

Страшко Милошевски
со лична творба
Јовче Манев
ја исполни песната:
**„Бисеро моме бисеро“**





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **РАДОВИШ И КОНЧЕ**

Женска пејачка група со придружба на гајда од Здравко Андонов ги исполнија песните:
**„Ој месечино“**
**„Оро води Ангелина“**
**„Да ми пукнеш мила мамо“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **НОВО СЕЛО**

Јосиф Златанов со придружба на хармоника ги исполни песните:
**„Што ми е мило ем драго“**
**„Саноќ ми билбил пропеа“**



**Благодарници на здруженијата учесници**

# ШЕСТИ РЕГИОН
# Домаќин ЗП Кавадарци
## Песната ја лекува тагата и ја весели душата


Димче Коцевски


м-р Илија Адамоски

Дваесеттата ревија на песни, музика и игри на здруженијата на пензионери од Повардарјето, во организација на СЗПМ се одржа на 11 мај во Кавадарци. Почетокот на манифестацијата беше најавен со песната „Дојдов на гости во Кавадарци", што како поздрав ја исполнија членовите на пејачката група „Никола Бадев" од ЗП Кавадарци. По овој музички поздрав, започна ревијалниот дел во кој учество зедоа пејачките групи од здруженијата на пензионери од: Кавадарци, Неготино, Велес, Демир Капија, Валандово, Богданци, Гевгелија и Дојран.

Добредојде на учесниците и на гостите прв им посака претседателот на ЗП Кавадарци, Димче Коцевски. Тој изрази посебно задоволство и благодарност до СЗПМ, што му беше укажана довербата, токму на нивното здружение да биде домаќин на оваа значајна културна манифестација на пензионерите од шестиот регион. Тој ги поздрави и им се заблагодари за присуството на ревијата и на претседателот на Собранието на СЗПМ, м–р Илија Адамовски, секретарот на СЗПМ, Менка Темелковска, претседателката на Комисијата за културно–забавен живот, Магдалена Спировска, членот на Извршниот одбор на СЗПМ, Славко Трајковски од Прилеп, како и членот на ИО на СЗПМ од Кавадарци, Бранко Шемов. Во обраќањето Коцевски рече:

„Се надеваме дека ќе бидеме ваши добри



домаќини и ќе се потрудиме убаво да се чувствувате, уживајќи во изведбата на убавите македонски песни. Посакувајќи ви срдечно добредојде на сите изведувачи ви посакувам многу успех на оваа јубилејна дваесетта по ред Регионална ревија на песни, музика и игри“, – рече Коцевски.

Претседателот на Собранието на СЗПМ, м-р Илија Адамоски, им се обрати на присутните и рече дека Ревијата на песни, музика и игри е проект од национален интерес и е една од многубројните активности и програми на Сојузот на пензионерите, со кои генерално се збогатува нашиот културен и јавен живот.

По поздравните говори, сцената им беше отстапена на учесниците. Здружението домаќин се претстави со пејачката група што го носи името на доајенот на македонската народна песна Никола Бадев, исполнувајќи ги песните: „Завила се лоза винова“, „Ќе пеам ќе се веселам“ и „Разболе се Ирина“. Потоа настапија и другите здруженија од овој регион. По завршувањето на ревијалниот дел во името на организаторот СЗПМ благодарници на учесниците односно на претстедателите на здруженијата на пензионерите, им врачи претседателката на Комисијата за културно-забавен живот при СЗПМ, Магдалена Спировска.

Манифестацијата заврши со пораката дека песната смирува, раните ги лекува, душата ја расположува, токму како што пееја домаќините во песната „Ќе пеам ќе се веселам“. Така пееја, се веселеја и другаруваа пензионерите на дваесеттата регионална средба, во прекрасната сала на Ангропромет во Кавадарци. Посакуваме да им се множат ваквите средби на пензионерите.



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**БОГДАНЦИ**

Пејачка група
во придружба на
оркестар
ги исполнија песните:
**„Бела галабица“**
**„Рума мома“**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ВАЛАНДОВО**

Пејачка група
во придружба на
хармоника и кларинет
ги исполни песните:
**„Кажи Рајне, кажи душо“**
**„Болка имам Јано“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КАВАДАРЦИ**

Пејачка група
Никола Бадев
ги исполнија песните:
**„Завила се лоза винова“,**
**„Ќе пеам ќе се веселам“**
**„Разболе се Ирина“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **НЕГОТИНО**

Пејачка група
во придружба на оркестар
ги исполни песните:
**„Што си налутено либе“,**
**„Пусти мерак Ратке“**
**„Рума мома“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ГЕВГЕЛИЈА**

Пејачка група
ги ипсолни песните:
**„Ој ти моме лудо ли си“,**
**„Земјо мила“**
Јана Узунова
се претстави со
своја поезија





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ВЕЛЕС**

Мешана пејачка група ги исполни песните:
**„Излегов да се прошетам“**
**„Марето на Илчови“**
рецитал посветен на Миле Поп–Јорданов



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ДОЈРАН**

Женска пејачка група ги исполни песните:
**„Неда мајка покарала“**
**„Настрана настрана бре Нешо“**
**„Шарена Ана“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ДЕМИР КАПИЈА**

Пејачка група во придружба на оркестар ги исполни песните:
**„Три години Кате болен лежам“**
**„На срце ми лежи мила мамо“**
**„Каде си тргнала Кито боса на жетва“**

# СЕДМИ РЕГИОН
# Домаќин ЗП БИТОЛА

## Пензионерите се чувари на фолклорното творештво


Даница Петличкова


м-р Илија Адамоски

Песната и музиката не признаваат години. За тоа доказ е 20–тата јубилејна регионална ревија на песни, музика и игри што на 9 мај 2022 година се одржа во Центарот за култура во Битола, под покровителство на СЗПМ. Домаќин на ревијата, на која учествуваа пејачки групи од здруженијата: Битола, Демир Хисар, Крушево и Прилеп, беше Здружението на пензионери од Битола.

Претседателката на ЗП Битола Даница Петличкова, поздравувајќи ги присутните пензионери и пензионерки, претседателот на Собранието на СЗПМ Илија Адамоски, претседателите на здруженијата на пензионери учесници на ревијата и останатите гости, истакна дека една од програмските активности на здруженијата е и организирање на музички и фолклорни манифестации, како што е и оваа, кои покажуваат дека за песната и музиката не се битни годините.

– На ревијата ќе слушнеме песни кои се вистински празник за душата, ќе потврдиме и ќе покажеме уште еднаш дека ја негуваме македонската етно традиција и ја чуваме нашата културна ризница. Ќе потсетивме дека фолклорот ја шири љубовта, обединува и зближува. Ние пензионерите ги чуваме песните од заборав пренесувајќи ги на идните поколенија. Песната никогаш не се заборава доколку се пее со душа и срце – рече Петличкова во своето обраќање пред присутните на ревијата.

Таа посочи дека ваквата музичка ревија ѝ доликува на Битола, еден од најопеаните градови на Балканот и пошироко, опеан во над 500 народни и забавни песни кои и ден–денес се пеат насекаде низ целиот свет. Исто така, потсети дека Битола е позната и како град на клавирите, каде што во првата половина од минатиот век имало повеќе клавири отколку светилки, и е град на конзулите.

– Денес се наоѓаме на далеку познатиот Широк сокак, место каде што богатите дами и госпоѓи секогаш дотерани по најнова мода, шушкале со своите свилени фустани. Од Битола се произлезени голем број познати имиња на пејачи од народната и забавната музика, – истакна Петличкова и на сите присутни им посака пријатен престој во Битола и успешен настап на ревијата.

Од името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, се обрати претседателот на Собранието на Сојузот Илија Адамоски. Тој ги поздрави присутните и порача:

– Ние пензионерите сме верни чувари на нашето културно наследство, на песната и орото, на преданијата и сè она што ја детерминира нашата култура во минатото. Народ без култура, без песна и игра многу тешко може да го докаже својот идентитет. Нашите предци преку песната и орото ги искажувале своите несреќи, барања и пркоселе на сè она што е спротивно на човековиот живот. Ја прогласувам 20–тата јубилејна регионална ревија на песни, музика и игри за отворена.

Потоа се слушна песна и така беше до завршувањето на ревијата кога претседателката на Комисијата за култура на СЗПМ Магдалена Спировска, им додели благодарници на здруженијата учесници на ревијата.




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## КРУШЕВО

Пејачка група
во придружба на гитари
ги исполни песните:
**„Нели ти реков“**
влашката песна:
**„Ми скулај уна тахина“**
**(Станав едно утро)**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ПРИЛЕП

КУД „Пенка Котевска“
ги исполни песните:
**„Мори моме малој моме“**
**„Од там се гледа**
**Македонија“**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ПРИЛЕП

КУД „Пензионер“
ги исполнија песните:
**„Славеј пиле рано пее“**
**„Сум прошетал**
**мори Ѓурѓе“**

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ДЕМИР ХИСАР

Соло пејачка
Коца Огненовска
во придружба на
оркестар
ја исполни песната:
**„Мајка“**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ДЕМИР ХИСАР

Соло пејач
Софре Мирчевски
во придружба на тапан
ја исполни песната:
**„Абер ми дојде од
Солуна града“**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## БИТОЛА

Пејачка група
„Сирма Војвода“
ја исполни песната:
**„Излегов да се прошетам
низ таа града Битола“**





ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## БИТОЛА

Соло пејач
Драги Кабровски
ја исполни песната:
**„Лек за вљубените“**





ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## БИТОЛА

Поетесата
Нада Вељанова
со творбите:
**„Непокор“**
**„За сонцето на Рацин“**
Поетот
Стојко Бафтироски
со творбите:
**„Пензионер е мојот дедо“**
**„Глас за Македонија“**




**Благодарници
на здруженијата
учесници**

# ОСМИ РЕГИОН
# Домаќин ЗП ОХРИД И ДЕБРЦА
## Публиката беше воодушевена од убавите изведби


Ѓорѓи Трпчески


Билјана Довлева - Стојаноска


м-р Илија Адамоски

На 6.5.2022 година во Охрид на преубавиот живописен амбиент на легендарното и опеано место Билјанини Извори се одржа 20 јубилејна регионална ревија на песни, музика и игри од 8. регион во организција на СЗПМ на која домаќин беше ЗП Охрид и Дебрца. На ревијата учествуваа 80 пензионери од ЗП Охрид и Дебрца, ЗП Гостивар, ЗП Лабуништа, ЗП Македо–





нски Брод, ЗП Кичево и ЗП Струга, а не учествуваа ЗП Дебар и Центар Жупа и ЗП Вевчани.

На ревијата присуствуваа претставници од СЗПМ и тоа: Илија Адамоски претседател на Собранието, Ментор Ќоку, потпретседател на ИО, Менка Темелковска, секретар и Томче Стојков, селектор на ревијата. Од страна на општината присуствуваше Билјана Довлева – Стојаноска, советник во Советот на Општина Охрид, потоа делегации од збратимените ЗП Врање од Р Србија, пензионери од Конфедерацијата на синдикатот од град Поградец, Р Албанија и од ЗП Солидарност – Аеродром, Скопје и претседателите од ЗП Битола и ЗП Прилеп.

На почетокот согласно со програмата и сценариото пригодно обраќање и поздравен говор имаше Ѓорѓи Трпчески претседател на ЗП Охрид и Дебрца од Охрид во својсто на домаќин на Регионалната ревија на песни, музика и игри од осмиот регион. Потоа присутните ги поздрави и им се обрати Билјана Довлева – Стојаноска, и упати честитки.

Во името на СЗПМ како организатор на 20. регионална ревија на песни, музика и игри зборуваше Илија Адамоски, кој по пригодниот говор ја отвори ревијата.

20. регионална ревија на песни, музика и игри во Охрид започна со настап на членовите на КУД „Далги“ при ЗП Охрид и Дебрца со прекрасната и уникатна изведба на легендарната и надалеку познатата и отпеана изворна народна песна „Билјана платно белеше“.

Потоа следуваа изведби на другите здруженија од регионот.

На крај од ревијата имаа многу успешен нас–



тап членовите на пејачката група „Славна Дебрца“, која дејствуваше во рамките на КУД „Далги“ при ЗП Охрид и Дебрца со песните „Девојченце, девојченце љубиш ли ме мене“ и „Ајде чиво ли е ова девојче“.

По завршување на настапот Менка Темелковска, секретар во името на СЗПМ како организатор на ревијата му додели благодарница за учество на 20. регионална ревија од 8–от регион на сите претседатели или претставници од здруженијата на пензионери.



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КИЧЕВО**

Мешана пејачка група во придружба на оркестар ги исполни песните:
**„Никнало цвеќе шарено“, „Таму далеку “ „Писмото стигна касно“ „Промени се Пандора девојка “**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **МАКЕДОНСКИ БРОД**

Пејачка група ги исполни песните:
**„Ајде три години Станбол го шетав Темјано“, „Многу солзи многу крвја земја натопена“ „Сестра моли брата за вечера“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **СТРУГА**

Пејачка група во придружба на жичани инструменти ги исполни песните:
**„Никнало цвеќе шарено“ „Леле варај, варај“**





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ОХРИД И ДЕБРЦА**

Мешовита пејачка група „Славна Дебрца“ при КУД „Далги“ ги исполни песните: **„Девојченце, девојченце љубиш ли ме мене“ „Ајде чиво ли е ова девојче“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЛАБУНИШТА**

Пејачка група во придружба на тарабука и хармоника ги исполни песните: **„Потерала Јана гојдата“ „Заспала мома преспала“** Шабан Адемоски со поетска творба



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ГОСТИВАР**

Група на пензионери ги исполни песните: **„Стојану гости дојдоја“ „Марие дилбер Марие“ „Мос шко н гурбет бре Ѓаљо“ (Не оди на печалба сине) „Лумја нона би ќе те рити“ (Радосна мајка што те порасна) „Егзија“** со кавали

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ОХРИД И ДЕБРЦА**

КУД „Далги“
ја исполни песната:
**„Те видов и се заљубив“**
старото охридско оро
– Охридско бало




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ОХРИД И ДЕБРЦА**

КУД „Далги“
со песната:
**„Билјана платно белеше“**



**Благодарници на здруженијата учесници**



21. FESTIVAL ZA *tretje* ŽIVLJENJSKO OBDOBJE

### 21. фестивал „Трета животна доба“ во Љубљана

# Достоинствен настап на македонските пензионери

По две години пауза, поради Ковид–епидемијата, на 21–от фестивал на трето животно доба, (ФЗЖД) во Љубљана, од 27 до 29 септември оваа година СЗПМ го претставуваа здруженијата на пензионери од Кавадарци и Кисела Вода, за што се изборија со успешните настапи на Републичката ревија на песни, музика и игри.

ФЗЖД е најголем фестивал од овој тип во Европа на кој пензионерите во културната програма се претставуваат со настапите на своите групи, во едукативната програма можат да се информираат за најактуелните проблеми сврзани со староста, а во изложбениот дел да се запознаат со производи и апарати наменети за унапредување на здравјето и активното стареење. На фестивалот, кој имаше 13 600 посетители, во културната програма настапија 80 пејачки, танцувачки и музички групи од Словенија, Македонија, Италија, Хрватска и Унгарија.




Подготовките за учеството оваа година траеја пократко, но благодарејќи на добрата соработка меѓу претседателите на здруженијата Бранко Шемов (Кавадарци) и Момчило Петровиќ (Кисела Вода), и помошта од Станка Трајкова, претседателката на СЗПМ и координаторот Димитар Димитриевски, истите беа мошне успешно завршени, со што се создаде хармонија меѓу двете здруженија која се манифестираше од самиот почеток на патувањето. Самото патување беше удобно и безбедно благодарејќи на возачите кои и претходниот пат беа со нашите учесници. Домаќините, како и секогаш и овој пат, обезбедија убаво сместување за нашите учесници со одлични услови за одмор.



Првиот ден од фестивалот бевме пречекани од домаќините и ни беа доделени два водича кои нè одведоа на свеченото отворање на фестивалот, чиј покровител оваа година беше градоначалникот на Љубљана Зоран Јанкович. На отворањето, од сите странски учесници, само учесниците од Македонија беа посебно споменати. По свеченото отворање нашите здруженија имаа впечатлив настап на таканаречената отворена сцена, за што беа наградени со силен аплауз, а беа и придружени од публиката во орото кое се поведе во холот на Цанкарјевиот дом при што се вееја многубројни наши знамиња. Ова направи силен впечаток кај домаќините кои изјавија дека сме дале енергија на фестивалот и не замолија да го повториме истото и наредниот ден, при вториот наш настап. Убавата атмосфера продолжи и на ручекот во ресторан со словенечки

# XXI ФЕСТИВАЛ ЗА ТРЕТА ЖИВОТНА ДОБА ВО ЉУБЉАНА - Р СЛОВЕНИЈА



национални обележја во Комплексот на Господарско Раставишче, каде што се пееја и песни посветени на водичите како признание за нивната посветеност.

Попладнето временските услови се поправија и нашите водичи нѐ поведоа на убава прошетка низ пешачката зона на Стариот Град во Љубљана, што беше добра прилика да се запознаеме со некои знаменитости и да се купи спомен од Словенија. Вечерта во предворјето на хотелот продолживме со песни и игри, на што се придружија и странци кои како гости престојуваа во хотелот, при што се внимаваше да се запази куќниот ред на резортот Љубљана.

Вториот ден на фестивалот бевме први на програмата, што ни даде повеќе време за настап и се повтори истата атмосфера како и претходниот ден, а беа дојдени и гледачи кои веќе ги гледале нашите настапи, меѓу кои и дечиња од градинка заедно со нивната воспитувачка.

Утрото беше искористено да се состанеме со домаќините, со раководниот тим на фестивалот, на чело со извршниот директор Тихомир Ковачич, при што во релаксирана атмосфера ги сумиравме ефектите од нашето учество, единаесетто по ред. На домаќините од страна на нашите здруженија им беа врачени пригодни подароци со обележја од Македонија,



а во име на СЗПМ на домаќините им се заблагодари Велин Стојановски, член на Комисијата за меѓународна соработка.

После настапот, полни со впечатоци се упативме назад кон Македонија, одржувајќи ја веселата атмосфера по целиот пат. Попатно застанавме на вечера при што продолжи меѓусебното дружење на членовите на двете здруженија. Владееше општо задоволство од нашиот настап, нашето дружење, отсуството на каков било несакан инцидент и сознанието дека достоинствено ја претставуваме Македонија во секоја прилика. Заедничка желба на двете здруженија беше да продолжат со соработка и дружење во иднина.

**Димитар Димитриевски**


Скопје 2022
Здруженија домаќини на
20-тите Јубилејни регионални ревии


СЗПМ
Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија
XII Републичка ревија на песни, музика и игри
Скопје 2022
Здруженија домаќини на
20-тите Јубилејни регионални ревии



Скопје 2022
Здруженија домаќини на



СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

# XX РЕГИОНАЛНИ РЕВИИ

# И

# XII РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ 2022

СКОПЈЕ МАЈ 2022

Информативен билтен СЗПМ Специјално издание